РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна установа
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 04-228/3
20.06. 2022 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 186 став 6 и член 212 став 10 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22) и член 20 д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 143/19 и 14/20 ), В.Д.Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Ресен во врска со објавениот интерен оглас бр.04-232/1 објавен на 07.06.2022 донесе:

ОДЛУКА

за избор на кандидат за унапредување по пат на интерен оглас

1. За извршител на работното место социјален работник ( С030303А04020) Водител на случај во Служба за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител во ЈУ Центар за социјална работа Ресен се избира кандидатот Александра Јосифовска
2. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од точка еден, по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.04-228/1 од 01.06.2022 година за пополнување на слободно работно место во установата со унапредување на еден (1) извршител по пат на објавување на интерен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, Ју Центар за социјална работа Ресен објави интерен оглас на 07.06.2022 година на огласна табла на установата, како и на интернет страната на институцијата за унапредување на еден извршител на работното место Водител на случај во Служба за услуги од социјална заштита во ЈУ Центар за социјална работа Ресен.

Во врска со објавениот интерен оглас, В.Д.Директорот формира Комисија за унапредување на еден давател на јавна услуга по пат на интерен оглас со Решение бр. 04-237/1 од 08.06.2022 година заради проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите и спроведување на интервју.

Комисијата за унапредување, по спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите, и интервјуто состави Записник бр. 04-237-2 -од 15.06.2022 година.

По спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите и исполнетоста на условите, и интервјуто, комисијата изготви ранг-листа на кандидати и предлог за прворангираниот кандидат и истите ги достави до В.Д.Директорот.

Врз основа на ранг-листата и предлогот, В.Д.Директорот изврши избор на еден кандидат за унапредување како во диспозитивот на оваа одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до

-архива

-кандидат

-досие

ЈУ Центар за социјална работа Ресен

В.Д.Директор

Борче Ристевски